**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 декември 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: трет квартал 2017 година

На крајот на третиот квартал на 2017 година **бруто надворешниот долг** на Република Македонија изнесува 7.710 милиони евра и забележа квартално намалување од 77 милиони евра, додека **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.764 милиони евра и бележат квартално намалување за 14 милиони евра. **Нето надворешниот долг,** на крајот на третиот квартал од 2017 година, изнесува 2.946 милиони евра и забележа квартално намалување од 63 милиони евра. Притоа, падот на нето-задолжувањето во текот на третиот квартал произлегува од намалениот нето приватен долг (за 136 милиони евра), делумно неутрализиран со намалените јавни нето-побарувања (за 73 милиони евра).

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**[1]**,** на крајот на третиот квартал од 2017 година, изнесува 5.971 милион евра, при што и натаму најголемиот дел (78%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 74% се врз основа на сопственички капитал. Споредено со претходниот квартал, нето негативната позиција е намалена за 76 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2016 | | 30.06.2017 | | 30.09.2017 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,216.6** | **74.2** | **7,786.8** | **76.2** | **7,710.2** | **75.5** | **-76.6** | **-1.0** | **-0.7** | **493.6** | **6.8** | **1.3** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***7,216.6*** | ***74.2*** | ***7,534.2*** | ***73.8*** | ***7,405.6*** | ***72.5*** | **-128.7** | **-1.7** | **-1.3** | **189.0** | **2.6** | **-1.7** |
| Долгорочен долг | 5,633.9 | 57.9 | 5,733.1 | 56.1 | 5,607.6 | 54.9 | -125.5 | -2.2 | **-1.2** | -26.3 | -0.5 | **-3.0** |
| Краткорочен долг | 1,582.7 | 16.3 | 2,053.7 | 20.1 | 2,102.6 | 20.6 | 49.0 | 2.4 | **0.5** | 520.0 | 32.9 | **4.3** |
| Јавен долг | 3,445.3 | 35.4 | 3,741.0 | 36.6 | 3,710.6 | 36.3 | -30.4 | -0.8 | **-0.3** | 265.2 | 7.7 | **0.9** |
| Приватен долг | 3,771.2 | 38.8 | 4,045.8 | 39.6 | 3,999.7 | 39.2 | -46.1 | -1.1 | **-0.5** | 228.4 | 6.1 | **0.4** |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,587.0** | **47.2** | **4,777.6** | **46.8** | **4,764.0** | **46.6** | **-13.6** | **-0.3** | **-0.1** | **177.0** | **3.9** | **-0.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***4,587.0*** | ***47.2*** | ***4,497.5*** | ***44.0*** | ***4,458.3*** | ***43.7*** | **-39.2** | **-0.9** | **-0.4** | **-128.6** | **-2.8** | **-3.5** |
| **Нето надворешен долг** | **2,629.6** | **27.05** | **3,009.2** | **29.5** | **2,946.3** | **28.8** | **-63.0** | **-2.1** | **-0.6** | **316.7** | **12.0** | **1.8** |
| **МИП, нето** | **-5,576.0** | **-57.3** | **-6,047.3** | **-59.2** | **-5,971.0** | **-58.5** | **76.2** | **-1.3** | **0.7** | **-395.1** | **7.1** | **-1.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, Соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 29.9.2017 година). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.

---

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

## *Бруто надворешен долг*

На крајот на третиот квартал на 2017 година бруто надворешниот долг изнесува 7.710 милиони евра, или 75,5% од проектираниот БДП за оваа година. На квартална основа, бруто-долгот бележи намалување од 77 милиони евра. Ова намалување на бруто надворешниот долг се објаснува со намалувањето на јавниот долг (за 46 милиони евра) и приватниот долг (за 31 милион евра).

Доколку се исклучи ефектот од активностите за управување со девизните резерви на централната банка[2] (52 милиона евра) бруто надворешниот долг бележи намалување за 129 милиони евра, при намалување на јавниот долг за 83 милиони евра. Притоа, кај јавниот долг (без овие активности) бележиме намалување на долгот на секторот „држава" за 73 милиони евра (како резултат на повисоки нето-отплати во третиот квартал) и долгот кај јавните претпријатија и јавните банки за 8 милиони евра.







Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешниот долг за 494 милиони евра се должи на растот на обврските и на јавниот и на приватниот сектор (за 265 и 228 милиони евра, соодветно). Доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите[2] на централната банка, вкупниот надворешен долг расте за 189 милиони евра, што се должи на растот на приватниот долг, додека јавниот долг во текот на 2017 година е намален за 39 милиони евра. Растот на приватниот долг главно произлегува од зголемените обврски

[2] При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

на капитално поврзаните субјекти (за 175 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 62 милиони евра), додека долгот на приватните банки е намален за 9 милиони евра.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на септември 2017 година, изнесуваат 4.764 милиони евра, односно 46,6% од проектираниот БДП за оваа година.

Намалувањето на вкупните бруто надворешни побарувања во третиот квартал (за 14 милиони евра) главно се должи на падот кај јавните побарувања (за 103 милиони евра), кој само делумно беше неутрализиран со растот на приватните побарувања (за 90 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од активностите на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви[2], јавните побарувања се пониски за 129 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 39 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешните побарувања (за 177 милиони евра) во целост произлегува од приватните побарувања (за 211 милион евра), при пад кај јавните надворешни побарувања (за 35 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од активностите на централната банка поврзани со управување со девизните резерви, јавните побарувања се пониски за 340 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 129 милиони евра.







Извор: НБРМ.

## *Нето надворешен долг*

Во услови на поинтензивно намалување на бруто надворешниот долг во однос на намалувањето на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг на земјата во текот на третиот квартал од 2017 година е намален за 63 милиони евра (2,1%) и изнесува 2.946 милиони евра (28,8% од проектираниот БДП за оваа година).

Во однос на крајот на 2016 година, нето надворешниот долг е зголемен за 317 милиони евра (12%).







Извор: НБРМ.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Во текот на третиот квартал на 2017 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е намалена за 76 милиони евра и изнесува 5.971 милион евра (или 58,5% од проектираниот БДП за оваа година).

Кварталното намалување на негативната МИП, нето, во најголем дел произлегува од намалувањето на обврските (за 70 милиони евра), надополнето со малиот раст на страната на средствата (за 6 милиони евра). Од аспект на инструментите, намалувањето на негативната МИП, нето, се должи на намалувањето на нето-обврските врз основа на должнички инструменти за 63 милиони евра, како и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти за 13 милиони евра.

Споредено со крајот на 2016 година, негативната МИП, нето, бележи збирен раст од 395 милиони евра, во најголем дел како резултат на растот на нето надворешниот долг (за 317 милиони евра), надополнет со растот и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 78 милиони евра).

## Народна банка на Република Македонија
## Дирекција за статистика

# Меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | **3,258.4** | **4,113.2** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,574.3** | **5,384.4** | **5,390.6** |
| Директни инвестиции | 333.6 | 393.6 | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 939.0 | 991.4 | 1,032.6 |
| Портфолио инвестиции | 25.9 | 45.5 | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 259.0 | 270.9 | 291.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.15 | 1.16 | 0.86 | 0.85 |
| Валути и депозити | 555.1 | 588.2 | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 557.9 | 536.9 | 599.8 |
| Заеми | 86.3 | 320.1 | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 432.8 | 331.5 | 360.8 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 543.0 | 696.9 | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 849.4 | 852.7 | 833.7 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.50 | 0.64 | 0.19 | 0.12 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,534.4 | 2,399.9 | 2,271.4 |
| **Обврски** | **6,887.9** | **8,079.0** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **11,424.3** | **11,431.7** | **11,361.7** |
| Директни инвестиции | 3,514.8 | 3,914.4 | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,674.1 | 5,704.3 | 5,690.2 |
| Портфолио инвестиции | 398.6 | 324.7 | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,396.0 | 1,440.2 | 1,442.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 6.0 | 6.0 | 6.0 |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 |
| Заеми | 2,028.5 | 2,785.9 | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 3,360.4 | 3,245.4 | 3,210.4 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 673.8 | 841.7 | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 751.0 | 750.9 | 780.8 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 |

Извор: НБРМ.







Извор: НБРМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувањата во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари - јуни 2017 година. Промените речиси во целост произлегуваат од ревидираните податоци добиени од известувачите во рамки на изворот „Квартален извештај за побарувањата и обврските врз основа на комерцијалното работење на резидентите со странство", кај категоријата „Трговски кредити и аванси". Ревизијата за првиот квартал на 2017 година главно се одразува на намалување на бруто надворешните побарувања (за 49 милиони евра), како и на бруто надворешниот долг (за 5 милиони евра), што доведе до зголемување на нето надворешниот долг (за 44 милиони евра). Ревизијата за вториот квартал на 2017 година се одрази врз намалувањето на бруто надворешните побарувања (за 52 милиона евра) и зголемувањето на бруто надворешниот долг (за 6 милиони евра), што доведе до зголемување на нето надворешниот долг (за 58 милиони евра). Овие промени соодветно се одразија и врз меѓународната инвестициска позиција, нето, каде што за идентични износи е евидентирана повисока негативна нето инвестициска позиција.

## *Придружни информации*

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Квартални информации за бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-informacii-mip.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 30 март 2018 година (референтен пресек заклучно со декември 2017 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).